# ЛАФ - МУАБЕТ

## ЛЕТНИ ДЕСТИНАЦИИ НА ПОЗНАТИТЕ



Бритни Спирс заедно со сопругот Кевин Федерлајн и деветмесечниот син Шон Престон се забавуваат на една од луксузните плажи во Мајами Бич.



За вљубената двојка Орландо Блум и Кејт Босфорт, Рим се покажа како одличен избор. Престојот во Рим двојката го искористи да ги промовира своите два филма "Superman returns" и "Pirates of the Caribbean: Dead Man's Chest".



Контроверзната девојка на Џуд Ло, Сиена Милер, своето слободно време реши да го мине на француската ривиера, далеку од будното око на папараците.



Убавите мексикански плажи го привлекоа вниманието на новопечената двојка Ник Лаши и водителката на MTV, Ванеса Минило. Нивна дестинација беше островот Кабо Сан Лукас.



Чарлиевите ангели знаат кое место да го изберат за свое летувалиште. Камерон Дијаз и Дру Баримур се одлучија за островот Елеутера на Бахамите.



Џејмс Блант и неговиот најголем фан, фотомоделот Петра Намицова, се одлучија за шпанскиот остров Ибица.

Подготвила:
**Ружица ГОЧЕВСКА**